Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот

преку полномошник на барателот: од Скопје поднесено на 10.10.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од Жители на

преку полномошник на барателот:

Панова од Скопје по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: „Во врска со поднесеното барање за неиздавање лиценца/дозвола за вршење на угостителска дејност поднесено до Министерто за економија, Министерството за економија, Г-дин Крешник Бектеши, од ден 07.09.2022 година и поднесените Ургенција за постапување по Барањето до Министерот за економија, Министерството за економија, Г-дин Крешник Бектеши од 07.09.2022 година, од 12.12.2023 година и Ургенција за постапување по Барањето до Министерот за економија, Министерството за економија, Г-дин Крешник Бектеши од 07.09.2022 година, од 02.10.2023 година, потребна ни е информација дали на наведената локација која е предмет на поднесените документи, земјиштето кое се наоѓа на КП 2109 КО Карпош, опис: дворно место, со адреса на ул.Драган Ѓакановски-Шпато, кој се состои од два објекта – за угостителска намена, дали на таа адреса и тој објект има издадено дозвола за вршење на угостителска дејност во периодот од септември 2022 година до денес. Оваа информација е потребна заради понатамошно водење на управна постапка пред Министерот за економија – Министерството за економија – Г-дин Крешник Бектеши“.

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Жители на

преку полномошник на барателот: имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ви ја доставува информацијата:

Министерството за економија не е надлежно за издавање на дозвола за градба, реконструкција, одобренија за надградба и сл. и од таа причина е потребно да се обратите до соодветно министерство или општина надлежни за издавање на наведените одобренија.

Заклучно со денешен датум (20.10.2023 година) до Министерство за економија не е поднесено ниту едно барање од правно лице за издавање на Лиценца, Решение и сл. од наведените адреси.

Министерството за економија во зависност од видот на угостителскиот објект, согласно Законот за угостителската дејност, по поднесено барање (доколку се исполнети условите) издава Решение за категоризација (доколку се работи за Ресторан) или Лиценца за Кабаре, Ноќен Бар (доколку се исполнети условите согласно Законот за угостителска дејност).

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 20.10.20236 година, под бр. 15-3859/2.

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник